Архивски знак: 0901
Рок на чување: 2
20 20 год.
Потпис:

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ
| Примено: 13-07-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 612/3 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр УП1 14-853
08.05.2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми програми од прв циклус на четиригодишни студии и втор циклус на едногодишни студии, на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми програми од прв циклус на четиригодишни студии по: Теориска физика, Применета хемија, Наставна хемија и Биологија – хемија и втор циклус на едногодишни студии по: Применета хемија, Аналитичка биохемија и Наставна хемија, на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По донесувањето, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на решенија за акредитација на студиски програми од прв циклус на четиригодишни студии, и тоа: Решение бр. 17-222/2 од 23.03.2017 година за акредитација на студиската програма по Теориска физика, Решение бр. 17-526/2 од 23.03.2017 година за акредитација на студиската програма по Применета хемија, Решение бр. 17-528/2 од 23.03.2017 година за акредитација на студиската програма по Наставна хемија и Решение бр. 17-529/7 од 23.03.2017 година за акредитација на двопредметна студиска програма по Биологија - хемија, како и на решенија за акредитација на студиските програми од втор циклус на едногодишни студии, и тоа: Решение бр. 17-33/2 од 21.03.2017 година за акредитација на студиската програма по Применета хемија, Решение бр. 17-33/3 од 21.03.2017 година

за акредитација на студиската програма по Аналитичка биохемија и Решение бр. 17-33/4 од 21.03.2017 година за акредитација на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Наставна хемија, на Природно – математички факултет, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје достави барање под нивен бр. 09-176/10 од 3.4.2017 година (под наш УП1 бр. 14-853 од 06.04.2017 година) за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми, на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-853 од 18.04.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.05.2017 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 14-853 од 04.05.2017 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по: Теориска физика, Применета хемија, Наставна хемија и Биологија – хемија и втор циклус на едногодишни студии по: Применета хемија, Аналитичка биохемија и Наставна хемија, на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити